КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19

Основни норми и начела

Ученикот како субјект во воспитно-образовниот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.

Секој ученик треба да биде ценет како личност без обзир на своите способности, пол, култура, традиција, националност, вероисповест и социјална положба.

На ученикот треба да му се овозможи да постигне успех според неговиот ментално-физички развој, да стекне одредени знаења и вештини кои ќе бидат корисни во нивниот понатамошен живот и работа.

Во време на ***пандемијата*** од **КОВИД-19** учениците, наставниците и другите лица во училиштето се обврзани да ги почитуваат Протоколите на Министерството за здравство и Министерството за образование и наука.

Доколку некои од учениците, наставниците и другите лица во училиштето покажат симптоми на КОВИД – 19 (покачена телесна температура, малаксаност..) веднаш ќе бидат изолирани во посебна просторија и на истите ќе им биде обезбедена нега. За тоа ќе биде известено Центарот за јавно здравје, Општината и родителите за да се спроведат понатамошни мерки.

Ликот на ученикот

Ученикот треба:

- да се ангажира за постигнување резултати во наставата и вон наставните активности;
- да внимава на својот јазик кој треба да биде литературен, јасен и достоинствен;
- секогаш да е примерен со својот изглед и однесување и да формира културни естетски навики;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос кон средината и условите во кои учи и работи, односно да го чува школскиот инвентар (компјутери);
- да ги почитува прописите во училиштето и надвор од него и да се бори против причинителите на болести на зависност и други негативни појави -дрога, алкохол и криминал;
- да ги почитува мерките од Протоколите од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука во услови на **КОВИД – 19**, одржување на физичка дистанца од 1,5 м, задолжително носење на маска, редовно миење на рацете и дезинфекија на раце;
- да ги почитува насоките на стрелките за движење при влез и излез на училиштето, да го почитува распоредот за време на влез и излез во училиштето, во училница, работилница и спортска сала;
- на секој ученик при влез треба да му биде измерена телесна температура од страна на одговорно лице и ќе биде контролирано дали врши дезинфекција на обувки и раце и дали одржува физичка дистанца од 1,5м;
- за време на одморите помеѓу часовите да се внимава одењето во тоалет и одржување на физичка дистанца од 1,5м помеѓу учениците;
- за време на големиот одмор учениците не смеат да го напуштаат училиштето, храната треба да им биде претходно набавена,
- учениците од различни класови не треба да се соединуваат и учениците од ист клас не треба да си ги менуваат местата и приборот за работа;

- во случај да има заболени ученици од КОВИД – 19 истите наставата ќе ја следат од далечина; доколку немаат можност за онлајн настава ќе им бидат изготвени печатени материјали од страна на професорот;

Ученикот, наставниот час и практичната настава

Ученикот треба:
- навремено и редовно да доаѓа на час и практична настава;
- секогаш да биде подготвен за работа, настава и практична настава;
- да не ја пореметува планираната работа на часовите и практичната настава, со задоцнето влегување, разговори, излегување, предизвикување конфликтни ситуации и други испади;
- да го почитува наставникот и други субјекти на часот и практичната настава;

Меѓусебни односи на учениците

Ученикот е должен да се грижи за достоинството на ликот на ученикот при што:
- да ги почитува своите соученици врз основа на другарство, искреност, отвореност и соработка;
- треба да биде солидарен со својот соученик за одредени здравствени проблеми, социјална положба и слично;
-да не позајмува книги или друг прибор за работа во услови на пандемија заради сопствена заштита и заштита на здравјето на соучениците.

Односот на ученикот кон училиштето, семејството и пошироко

Ученикот е должен да ги почитува нормите на однесување и работата во училиштето, семејството и пошироко при што:
- да ја почитува личноста на сите вработени во училиштето, родителите и други посетители;
- избегнува недоличен стил на однесување и да не користи навредливи зборови и непристоен говор;
- да не ги навредува личностите во училиштето, да појавува агресивност, нетолерантност и други негативни појави;
- да има одговорен однос спрема инвентарот и другата општествена имовина и материјални добра како и кон уредувањето и облагородувањето на училишниот простор и околина;
- да го почитува авторитетот на родителот, навремено да го информира за својата работа и однесување во училиштето и надвор од него;
- да бара соработка и ангажирање на родителите во решавањето на проблемите;
- да се придржува на законската одредба за забрана на секакво верско и политичко организирање и дејствување во училиштето;
- да ги почитува и да се придржува кон правилата содржани во куќниот ред на училиштето;

Завршни одредби

Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс.

Дата: СОУ„Димитар Мирасчиев”

11.09.2020г. - Штип